Не се случило само она што не било во весниците
# ШТИПСКИ Глас
Штипски месечник
Број 160
Март 2026 г.
цена 20 денари,

**Проф.д-р Елена Максимова од тимот на оратори „Rostra Vetera“ при Правниот факултет на УГД**



## Нивото на говорништво кај младите е во сериозен подем

Quehenberger logistics
AKTIVA
ДЕУС ОПТИК
СИТЕ ВИДОВИ НА ДИОПТРИСКИ И СОНЧЕВИ НАОЧАРИ И БЕСПЛАТНО КОМПЈУТЕРСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ДИОПТРИЈА
EAM T-SHIRT INDUSTRY



## Се креира единствен универзитетски европски ентитет – Алијанса на универзитети



## Доктор Душица Веселинова Милева: Улогата на матичниот доктор е да реши околу 70–80% од здравствените проблеми на пациентот



**Ангел Бојаџиев:**

## Финансиска стабилност и влез во елитното фудбалско семејство на Македонија





## Ливница ИДЕАЛ: Три генерации традиција, визија и индустриска издржливост

*Иван Бојаџиски*



# Штип и Македонија преку Универзитетот „Гоце Делчев“ влегоа во Европа

До пред 19 години, време кога се формираше Универзитетот „Гоце Делчев“, никој во овој наш град ни не можеше да сонува дека Штип, благодарение на Универзитетот, ќе стане дел од европска алијанса на универзитети, што е состојба која отвора можност за многу повисоко ниво на квалитет во високото образование. Да станеш дел од алијанса во високото образование на стариот континент, во која алијанса се универзитети од вкупно девет европски држави, е сон на секоја високообразовна институција, а тоа што Универзитетот „Гоце Делчев“ единствен од Македонија е во едно токму такво друштво само упатува на фактот дека Штип и Македонија, преку алијансата, веќе станаа дел од европското семејство.

Седум дена нашиот град беше дом на осумдесеттина ректори, декани, професори, студенти од познати и признати универзитети од Шпанија, Германија, Румунија, Португалија, Литванија, Латвија, Австрија, Полска ...Една недела на нашиот универзитет се разменуваа мислења и идеи за иднината на алијансата како можност за поквалитетно образование. Во таа дебата активно учество имаа и носителите на највисоките функции како и професори на УГД.

Денес, кога ги пишувам овие редови се присетувам на следново:

Кога се раѓаше УГД покрај коментарите во насока дека е тоа една многу убава и надежна иницијатива, имаше и потсмешливи, иронични и саркастични (о)зборувања дека „таа работа“ (се мислеше на Универзитетот) нема да ја биде! Дека универзитет во мал град каков што е Штип нема иднина зашто високобразовните институции за свој дом можеле да ги имаат големите, да не речам милионски градови. Во 2017 година кога стартуваше Универзитетот нихелистите беа побројни од оптимистите.

И, се покажа дека нихелистите ја промашија темата. Едноставно, не беа во право.

Имено, по првичните лутања преку отворања факултети во речиси секое гратче во Источниот регионa и места во близина на Штип-(Берово, Кочани, Радовиш, Виница, Пробиштип), по првичните добри и лоши искуства, работите си дојдоа на своето место па денес Универзитетот „Гоце Делчев“ важи за квалитетно организирана високообразовна институција со 12 факултети и три академии на кои знаење и дипломи стекнуваат нешто над 15.000 студенти, меѓу нив и дел од странство кои УГД го препознале како своја квалитетна дестинација на која сакаат да студираат и да го реализираат својот младешки сон во однос на својата животна професија.

Потсетувам на минатото со намера и надеж дека од него треба да учиме, зашто од минатото ќе можеме да разбереме дека кон секоја идеја, без оглед дали таа во моментот на нејзиното раѓање ни изгледала добра или лоша, треба да пристапуваме со добри намери. Треба да знаеме дека нихелизмот не води кон ништо добро, а дека оптимизмот е тој кој не наведува работите за кои сме се изјасниле да ги донесеме до нивниот квалитетен завршеток. Без оглед на пречките кои (ќе) стојат на патот на реализацијата на идејата, биле тие големи, мали или, едноставно, непостоечки.

***Кога пред 19 години се роди Универзитетот "Гоце Делчев", и неколку години пред тоа, бројни нихелисти со иронични, саркастични и потсмешливи коментари зборуваа дека „Оваа работа не ја бидува", мислејќи на можноста Штип да добие универзитет. Денес, кога УГД стана дел од голема Европска универзитетска алијанса, кога на 12 факултети и три академии студираат над 15.000 млади, дел и странци, станува јасно дека секое време, па и тоа на УГД, му припаѓа(ло) на оптимистите и на оние кои веруваат во идејата.***

Од сите овие аспекти, по се она кое се случи на нашиот универзитет „Гоце Делчев“, како жители на овој град треба да бидеме горди на фактот што токму Универзитетот, со своето значање за толку кусо време стана препознатлив и во европски рамки. Фактот дека универзитети од осум други, развиени европски држави го избраа Универзитетот во Штип и му упатија покана да биде дел од Европската универзитетска алијанса, сам по себе говори дека УГД одбрал разумен и квалитетен развоен пат во она што значи високо образование во една држава, пат кој бил виден и разбран од неговите сегашни содружници во рамките на алијансата.

## Проф.д-р Елена Максимова од тимот на оратори „Rostra Vetera“ при Правниот факултет на УГД



# Нивото на говорништво кај младите е во сериозен подем

Ораторската вечер на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип се организира веќе 13 години по ред, што само по себе зборува за континуитетот и вредноста на оваа традиција. Целта е да се поттикне културата на јавно говорење, критичко размислување и изразување кај младите. Во време на брза комуникација и кратки форми, настојувањата се да се врати достоинството на зборот и силата на аргументот. За оваа посебна форма на културата на јавно говорење разговараме со проф.д-р Елена Максимова од Клубот на оратори „Rostra Vetera“ (Ростра – говорница, Ветера-стара) при Правниот факултет на УГД.

**Г-ѓа Максимова, како се избираат студентите кои ќе настапат на вечерта?**

Изборот се врши преку обуки и селекциски процес организиран од Клубот на оратори. Учесниците поминуваат низ практични тренинзи за говорништво неколку недели, низ кој период растат и созреваат како оратори. Ангажираме и гости – предавачи кои внесуваат експертиза согласно нивната професија и им помагаат на ораторите да ги подобрат своите вештини. Организацискиот тим, составен од асистентите Кристијан Панев, Ана Здравева и Елена Трајковска и јас, ги оценуваме нивните финални презентации, структура на говор, аргументација, стил и настап. Најподготвените и најмотивираните добиваат можност да настапат на самата ораторска вечер.

**Зошто е важно младите да ја развиваат оваа вештина?**

Развивањето на говорничките вештини кај младите е суштинско затоа што тие не учат само како да зборуваат, туку пред сè како да мислат. Ораторството ги учи младите да структурираат идеи, да аргументираат логично и да изградат сопствен став заснован на знаење, а не само на впечаток. Затоа и бараме и особено ја цениме оригиналноста на нивните говори. Во едно демократско општество, способноста јавно да се изразиш е директно поврзана со можноста да учествуваш во сите сфери од општеството – било како граѓанин, професионалец или иден лидер. Млад човек кој умее да заземе став и правилно да го пренесе на публиката, кој знае и да се избори за своите права, да застапува идеи и да влијае врз позитивни промени, несомнено мора да има одлични ораторски способности за да може да напредува.

Покрај тоа, ораторството гради самодоверба, дисциплина и емпатија, бидејќи добриот говорник мора да знае не само да зборува и да биде разбран од публиката, туку и самиот тој да ја разбере публиката. Во професионална смисла, оваа вештина е непроценлива, од право и политика, до бизнис, медиуми и образование. Затоа, ораторството не е „дополнителна“ вештина – тоа е основна алатка за личен развој, активно граѓанство и успех во современото општество.

**Како го оценувате нивото на говорништво на младите кај нас?**

Овој настан од година во година ни потврдува дека говорништвото кај нас се развива со галопирачко темпо, на наше огромно задоволство! Нивото на говорништво кај младите е во сериозен подем, од она кое можеме да го посведочиме низ годините. Она што особено радува е нивната храброст да зборуваат за сериозни општествени теми – корупција, неправда, насилство, иднината на државата. Можеме да кажеме дека имаме квалитетни и автентични млади гласови кои заслужуваат поголема платформа.

**Кои се основните елементи на еден добар говор?**

Еден добар говор треба да има јасна структура – вовед, разработка и заклучок, силна порака и логична аргументација. Но, покрај тоа, важни се и емоцијата, искреноста и контактот со публиката. Класичните прашања „кој, што, кога, каде, како и зошто“ се добра основа, но вистинскиот говор оди чекор понатаму – тој треба да инспирира. Особено е важно публиката да го разбере говорникот и да може да се поистовети со пораката. Добриот говор не е натрупување на многу зборови, туку јасно и прецизно пренесена мисла. Кога говорникот се „расплинува“ и кажува премногу, често не кажува ништо конкретно. Затоа, концизноста, јасноста и фокусот се клучни. Подобро е една силна и запаметлива порака, отколку многу расфрлани идеи.

**Колку ораторството влијае врз успехот во животот?**

Ораторството има огромно влијание. Без разлика дали станува збор за политика, право, бизнис или секојдневна комуникација – способноста да се изразите јасно и уверливо е клучна. Добриот говорник често има предност, затоа што знае како да ја пренесе својата идеја и да влијае врз другите.

Дополнително, ораторството гради самодоверба и сигурност во настапот, што е пресудно во многу животни ситуации – од интервјуа за работа, до јавни настапи и лидерски позиции. Луѓето кои знаат да комуницираат јасно полесно воспоставуваат доверба, се подобри преговарачи и поефикасно ги застапуваат своите интереси. На крај, може да се каже дека ораторството не е само вештина на говорење, туку и алатка за влијание, лидерство и личен успех во современото општество.

**Дали ораторството има место во современото образование?**

Ние како Универзитет работиме многу по ова прашање. На иницијатива на професори од разни факултети, а неретко и на иницијатива на студентски организации, често се организираат дебати и тркалезни маси каде студентите можат да ги искажат своите ставови. Универзитетот „Гоце Делчев“ секогаш ги поддржува овие иницијативи и настани. Овде морам да ги пофалам и средните училишта во регионот чија работа на овој план се гледа преку спремноста на младите оратори кои ни доаѓаат.

**Дали ораторството е талент или е прашање на вештина?**

Како што вели Цицерон: „Поетите се раѓаат, а ораторите се создаваат.“ Оваа мисла многу јасно покажува дека, иако талентот може да помогне, вистинското говорништво е резултат на труд, дисциплина и постојано усовршување. Така можам да кажам дека ораторството е комбинација од двете – и талент и вештина.

**Што, всушност е самата опраторска вечер? Само натпревар или...**

Ораторската вечер не е само натпревар – таа е платформа каде младите гласно размислуваат за светот околу себе и сосем трезвено ни посочуваат каде грешиме. Во време кога често се слуша дека младите се пасивни, овие настани го покажуваат токму спротивното – дека тие имаат став, јасна визија и храброст да зборуваат. Наше не е само да ги ислушаме, туку и да ги послушаме, доколку сакаме да изградиме опкружување достојно за нивниот потенцијал.

# Во регионот ќе се реализираат и проекти со средства од програмите на Европската Унија

Источниот плански регион во текот на оваа календарска година ќе се развива согласно Акциониот план за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион. Во овој документ, кој што е усвоен од страна на Советот за развој на Источен плански регион, предвидени се активности кои се насочени кон сеопфатен развој на регионот. Преку интегриран пристап, регионалниот развој ќе се фокусира на економскиот раст, социјалната инклузија, еколошката одржливост и меѓународната промоција на регионот.

„Покрај проектите од националните програми, ќе се реализираат и проекти со искористување на средства од програмите на Европската Унија, што ќе овозможи имплементација на современи европски практики. Во однос на средствата финансирани од националните програми, Центарот за развој на Источен плански регион, преку објавените повици, аплицираше со повеќе проекти кои во моментот се предмет на евалуација и одлучување кои од нив ќе бидат финансирани оваа година“, вели Трајче Здравков, директор на Центарот за развој на ИПР.

Така, во рамките на Interreg VI-A IPA Програмата за прекугранична соработка со Бугарија, Центарот за развој на Источен плански регион реализира два проекти.

-Преку проектот „Интегриран развој на препознатлив културен и close-to-nature туризам“ планираните активности вклучуваат зачувување на традицијата преку идентификација на производи од регионот кои треба да се стекнат со сертификат за заштитено географско потекло, како и идентификација на дестинации кои заслужуваат да се стекнат со „Green label“ сертификат. Инвестициите во инфраструктурата ќе опфатат реконструкција на планинарскиот дом „Црн Врв“ и изградба на рекреативен комплекс околу езерото Градче во Кочани. Посебен акцент ќе се стави на дигитализацијата на еко-патеките на Осогово и воведување- то на иновативна „self-guided“ туристичка понуда, а промоцијата ќе се заокружи со изработка на професионални видео материјали и организација на тури за туристички оператори“, посочува Здравков.

Вториот проект е „Трансформирање на урбаните делови со зелена инфраструктура“, преку кој фокусот се става на одржливо управување со животната средина и справување со климатските промени. Проектните активности вклучуваат изработка на регионална стратегија за зелена инфраструктура и дигитални мапи за зелените површини. Паралелно, ќе се спроведуваат јавни кампањи за подигнување на свеста за зелената транзиција.

Друга програма која е финансирана од Европската Унија во која Македонија за прв пат доби право на учество, е Програмата Interreg Europe преку која Центарот имплементира три проекти.

„Преку проектот MAGNET, регионот ќе добие јасна стратешка рамка за развој на иновативна економија. Ова е од клучно значење бидејќи директно ќе се работи на стратешки пристап за привлекување инвестиции во сектори со висока додадена вредност. Наместо да се потпира на традиционални индустрии, регионот ќе се обиде да го сврти фокусот на размена на искуства за задржување на талентирани кадри, што ќе го спречи одливот на мозоци и ќе ја зголеми конкурентноста на локалните претпријатија преку воведување нови технологии.



*Трајче Здравков*

Значајно внимание ќе се посвети и на најранливите категории. Преку активностите предвидени со проектот ActAge, ќе се воспостават подобри механизми за грижа за здравјето и благосостојбата на старите лица, што е од витално значење во услови на неповолни демографски трендови. Со изработката на Стратегија за благосостојба на старите лица и регионален преглед за потребата од социјални услуги, општините од регионот ќе пристапат кон креирање на рамка за посистемски пристап кон идентификување на социјалните проблеми, со што ќе се обезбеди порамномерен пристап до услугите за сите граѓани“, информира Здравков.

Третиот проект е проектот “Protech 2024” кој предвидува споделување на знаења за осовременување на пристапот кон зачувување на културното наследство на регион.

Во основа, Protech 2024 има за цел да направи управувањето со европското културно наследство поефикасно, поиновативно, посвесно и посилно преку интернационална регионална соработка и примена на превентивни стратегии.

Во проектот Protech улогата на Центарот за развој на Источен плански регион е активна и конкретна,а како еден од партнерите ќе се фокусираме на претставување на Македонија и Источниот плански регион преку нашето културно наследство и обичаите како што е обичајот “Четрсе” и промоција на локалното културно наследство пред Европа, што би го потикнало развојот на туризмот во регионот.

Акциониот план предвидува активности од скоро сите стратешки цели од Програмата за развој на Источен плански регион и е направен да обезбеди синергија помеѓу сите вклучени страни, создавајќи основа за конкурентна регионална економија и попривлечна средина за инвестиции и живеење.

# Се креира единствен универзитетски европски ентитет – Алијанса на универзитети

Над осумдесеттина гости од Европската универзитетска алијанса која ја чинат универзитети од девет европски држави, беа во Штип како гости на Универзитетот „Годе Делчев“ кој е дел од алијансата. Во нашиот град и на нашиот Универзитет гостите имаа цела една работна недела при што заедно со професорите на УГД и студенти работеа на креирање на нови заеднички студиски програми, на подобрување



***Членови на Европската универзитетска алијанса пред ректоратот во Штип***

на условите за мобилноста на студентите и на наставничкиот кадар. Се работеше и на креирање на еден ентитет во којшто ќе треба да се претворат нашите универзитети во иднина, еден европски универзитет, кого членките на алијансата го нарекуваат алијанса на универзитети, а во исто време и алијанса на пријатели.

-Голема честа за нашиот Универзитет е фактот што наши гости се  ректорите од сите осум партнерски универзитети од Шпанија, Германија, Полска, Австрија, Португалија, Литванија, Латвија и Романија, а во кое семејство припаѓаме и ние, и што цела една сесија разговараме за креирање на заедничко правно лице и на креирање на заеднички студиски програми. Сите овие настани завршија со свечената академија со што нашиот универзитет одбележа 19 години од формирањето и почетокот на работата. Сигурен сум дека ова создава едно ново квалитативно опкружување, и за нашите студенти и за нашите вработени, рече ректорот проф.д-р **Дејан Мираковски.**

Според првиот човек на УГД подоброто поврзување со партнерските универзитети овозможува многу полесно наоѓање на соодветни студиски програми, размена на студенти и наставници, а во исто време се добива и значително поголем простор за финансирање на тие мобилности, така што минатата година над 150 мобилности веќе се реализирани, а одиме со истото темпо, бидејќи ги спојуваме сите програми на Еразмус и мобилностите од Алијансата. Роекторот Мираковски го искажа своето уверување дека овој процес ќе стане уште поинтензивен, студентите сè повеќе учествуваат во него, а се заедно овој процес ќе биде на задоволство и на наставниците и на студентите.

Проф. д-р **Витана Вичење** од Универзитетот за применети инженерски науки од Литванија,  раководителка на Работниот пакет 6, рече сека мобилностите, како на студенти, така и на наставници, се значаен дел од активностите во Алијансата.

– Овде ги презентираме активностите од работниот пакет 6, пакетот посветен на мобилности и на вредности. На некој начин се обидуваме да ги мапираме и промовираме сите оние придружни документи, да се увериме на некој начин да ја промовираме непречената мобилност во алијансите. Како работен пакет кој е посветен на промоција на овие мобилности ние генерално во Алијансата имаме зацртано за цел да постигнеме околу 9.000 мобилности, со физичко присуство, но и блендед мобилити, оние кои се со виртуелна компонента. Се разбира, ова е предизвик, но денешната цел тука е да ги воочиме сите досегашни предизвици, недостатоци, проблеми кои се појавиле околу досегашните мобилности и да се обидеме да мапираме, да ги структурираме бенефициите, идни насоки како да се подобриме во насока на остварување на овие мобилности.

За студентите се многу значајни мобилностите, а од искуството досега во Алијансата, има простор за напредок, бидејќи има многу сличности во работењето на универзитетите членки на Алијансата, што е секако добро за студентите, смета **Соња Манкалијано,** членка на студентското тело на Алијансата.

– Придобивките од овој настан се големи, особено кога се однесува на студентите. Овде има простор да ги споделиме сите оние позитивни и негативни искуства кои произлегуваат од мобилностите. Имаме простор и можност да ги истакнеме и нашите видувања за она што е Алијансата, што се мобилностите, за нашиот начин како ние да учествуваме и како ние да ги зголемиме нашите компетенции, меѓутоа и нашите вештини.

***Европската универзитетска алијанса ја сочинуваат универзитети од девет европски држави: Шпанија, Германија, Португалија, Литванија, Полска, Австрија, Романија, Латвија и Македонија. Од нашата држава единствена членка на алијансата е Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип.***

# Новинарите од Источниот регион ги избраа најдобрите, наградата за животно дело за Стојан Троицки, легендарниот директор на „Макфест“

На состанокот одржан во ресторанот „Бисер-Митре“ во Штип, новинарите од Источниот регион го избраа најдоброто од истокот за 2025 година. Изборот е во рамките на манифестацијата „Најдоброто од истокот“ која по дванаесетти пат ќе се одржи годинава, а признанија се доделени за остварени посебни резултати во 2025 година.

Како и секоја година така и овој пат признанија се доделени во категориите: здравство, наука, образование, стопанство, екологија (животна средина) култура, спорт, туризам, хуманост, општествена одговорност, млади надежи, народни вредности, странска амбасада..

Кои се добитниците на признанијата?

**Животно дело**: – Стојан Троицки, легендарниот директор на фестивалот на забавна музика „Макфест“-Штип

**Здравство**: За особени резултати во здравството признанија им се доделени на Клиничка болница Штип и на Општа болница Кочани за нивното квалитетно справување со повредените во кочанската дискотека Пулс.

**Стопанство**: Фабриката за фротирни ткаенини „Фротирка“ Делчево за континуирано добра работа и развој во изминатите 25 години.

**Екологија** Рудник САСА – Македонска Каменица, за реализација на проекти од областа на заштитата на животната средина

**Туризам:** Бојан Аврамовски, оперативен менаџер на Аурора хотел ресорт и спа во Берово

**Општествена одговорност:** – Доброволно противпожарно друштво (ДПД) Виница

**Култура:** Милорад Ангелов, актер во Театар Штип за над 800 одиграни претстави во кариерата која трае три децении.

**Хуманост** – Илчо Гоцевски (постхумно), возач во кочанската Брза помош за неговата посветеност за спас на животите на настрадани во кочанската дискотека која ја плати со својот живот, на Сапорт - Кочани и Црвен крст Кочани, за нивниот придонес за институционална финансиска помош на настраданите во пожарот во Пулс-Кочани и на Манол Пејков, пратеник во парламентот на Република Бугарија, кој обезбеди помош од 50.000 евра за настраданите во Пулс.



*Новинарите од регионот*

**Млади надежи:** Победничките на Ораторските вечери во организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип - Искра Постолова, Илина Донева и Даница Лефкова.

**Наука:** Панче Наумов, штипјанец, кој стана член на Европската академија на науки и Павле Апостоловски, професор на Медициинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип.

**Образование**: Силвана Јакимовска Бинова, наставнички од ОУ „Страшо Пинџур“ Карбинци

**Амбасада:** Народна Република Кина, за поддршка на развојот на регионот

**Чувари на народните традиции**: Манифестацијата „Зелникот на баба“-Пробиштип, во организација на Општина Пробиштип.

**Спорт:** Женски ракометен клуб – Славјански универзитет „Овче Поле“ – Свети Николе

# Ливница ИДЕАЛ: Три генерации традиција, визија и индустриска издржливост



Павле Спасов

***Како семејниот бизнис на Павле Спасов прерасна во еден од најстабилните индустриски столбови во Македонија***



Ливницата Идеал во Карбинци успешно функционира цели 53 години. Ја основал Павле Спасов, сега покоен, а овој стопански капацитет денес успешно го води внукот кој го носи името и презимето на својот дедо - Павле Спасов со кого разговараме за работата на овој редок економски капацитет.

**Г-дин Спасов, чија беше идејата за создавањето на ливницата „Идеал“?**

-На мојот дедо Павле Спасов кој истата ја има основано пред 53 години, односно во 1973 година. Неговата визија беше да создаде компанија која ќе биде препознатлива по квалитет, иновативност и посветеност во обработката на металите, со посебен акцент на висококвалитетни челични легури.





Историјата на развојот на Идеал докажува дека сонот на мојот дедо во целост е исполнет.

**Како се одвиваше раководењето со компанијата низ генерациите?**

По основачот, раководењето го презеде мојот татко, Стојанчо Спасов, кој значително ги прошири капацитетите на ливницата. Потоа управувањето го презеде мојата мајка, а од 2013 година јас сум на чело на компанијата.

**Кои се вашите главни производи и пазари?**

Ливницата е специјализирана за производство на висококвалитетни челични легури и најмногу работиме со странски партнери.

**Каква е конкуренцијата во регионот?**

Постојат неколку ливници, но секоја си има свој пазар. Ние се издвојуваме со квалитет и стабилност.

**Од каде се обезбедувате со суровини?**

Околу 80 проценти од суровините се од увоз, што влијае на цената, но тоа нам ни овозможува производи со висок квалитет.

**Кои се вашите најголемие предизвици?**

-Најголем предизвик е конкуренцијата од евтин увоз, особено од азиски пазари.

**Дали добивате поддршка од државата?**

Главно се потпираме на сопствени ресурси и инвестиции.

**Дали Идеал е општествено одговорна компанија?**

Секогаш се трудиме да поддржиме локални активности и заедницата.

**Едно време шахтите беа вашиот најпознат производ, а како е денес?**

Во минатото да, но денес сме насочени кон поширок спектар на индустриски производи.

**Кој е вашиот конечен заклучок?:**

Ливница „Идеал“ продолжува со инвестиции и модернизација со цел да остане лидер во индустријата.





# Доктор Душица Веселинова Милева: Улогата на матичниот доктор е да реши околу 70–80% од здравствените проблеми на пациентот

Во овој број на Штипски Глас за најважната работа за секој човек-здравјето, разговараме со доктор Душица Веселинова Милева од ПЗУ „Др. Драгица“. На почетокот од доктор Душица побаравме да ни ги каже најважните детали од нејзината биографија.

„Јас сум Душица Веселинова Милева, од Штип. Уште од мали нозе добив желба да се занимавам со една од најхуманите професии во животот. Водејќи се од тој инстинкт, целата моја енергија и љубов ги вложив во медицината, што беше и причина за мојата одлука да се запишам во средното медицинско училиште СОУ „Јане Сандански“ – Штип.

Уште на самиот почеток од средношколските денови веќе знаев со што ќе се занимавам цел живот — мојот сон да станам доктор растеше сè повеќе. По положувањето на матурата со одличен успех, немав никаков проблем да се најдам меѓу најдобро рангираните кандидати во државна квота на студиите по Општа медицина при Факултетот за медицински науки при УГД.

Дипломирав во 2017 год. со просек 9,51 и се вработив како матичен доктор, каде што досега имам стекнато осумгодишно работно искуство. Не потекнувам од лекарско семејство, и тоа отсекогаш било дополнителен мотив, но и предизвик — сама да го изодам патот кон мојата цел и да станам првиот доктор во моето потесно семејство, а денес ми е особена чест што и мојот помал брат Александар Веселинов се насочи кон лекарската професија и е доктор специјализант по Општа хирургија, вработен во ЈЗУ Клиничка болница – Штип.

Сметам дека највреден е патот кој човек сам ќе го изоди, без да има какви било семејни „привилегии“, особено кога станува збор за една од најхуманите професии — да се биде доктор.

**Каде ве водеше Вашиот работен век?**

Моето работно искуство до сега е само во областа на примарната здравствена заштита, односно доктор на медицина во ПЗЗ, а вработена сум во ПЗУ Др Драгица – Штип, основана во 2006 год. во сопственост на Др. Драгица Атанасова – доктор со долго работно искуство во оваа област и специјалист по семејна медицина.



Познато е дека осигуреното лице заради користење на здравствена заштита во примарната здравствена заштита врши избор на лекар во дејност на: општа медицина, медицина на трудот, педијатрија, училишна медицина, гинекологија и општа стоматологија, без оглед на местото на живеење односно на работа. Колку луѓе (осигурени лица) ве избраа да им бидете матичен лекар. Во ПЗУ Др Драгица има околу 3.000 осигурени лица кои имаат избрано да бидат пациенти на оваа ординација.

***Според мене, најбитен е отворениот пристап кон пациентот — како што велат, убавиот збор отвора железни порти.***

**Работите како матична докторка, дали имате податок колку матични доктори има Штип? Второ: која е улогата на матичниот доктор?**

- Искрено, немам податок колку матични доктори има во Штип, но сметам дека ги има доволно за

успешно спроведување на примарната здравствена заштита. Улогата на матичниот доктор е да реши околу 70–80% од здравствените проблеми на пациентот.

Како што одминуваат годините, имам впечаток дека голем процент од пациентите самоиницијативно бараат да бидат упатени на секундарно, па понекогаш и на терциерно ниво на здравствена заштита, без притоа да бидат соодветно запознаени со сопствената здравствена состојба, со дијагностичките потреби, како и со третманот кој е потребен за таа состојба/болест. Според мене, најбитен е отворениот пристап кон пациентот — како што велат, убавиот збор отвора железни порти. Треба да се пристапи алтруистички и емпатично, со желба да се навлезе во суштината на проблемот кој го натерал пациентот да тропне на нашата врата.

Тука е важна и умешноста на докторот да се прилагоди на возраста, како и на социјалното и интелектуалното ниво на пациентот, и да комуницира на адекватен и разбирлив начин, соодветен на неговиот профил. Не можеме на ист начин да комуницираме со колега специјалист во одредена медицинска гранка и со дете од неколку месеци или години кое е донесено на преглед.

**За кои здравствени проблеми најмногу Ве бараат вашите пациенти?**

Најчести причини поради кои се јавуваат пациентите се акутните состојби – најчесто горнореспираторни инфекции, гастроинтестинални тегоби и хроничните здравствени состојби, како што се хипертензија, срцеви заболувања, дијабетес мелитус тип 2 (народно познат како „шеќер“), потоа белодробните заболувања, како астма и ХОББ, како и ревматолошките заболувања. Особено ме радува тоа што кај нас преовладува најмладата популација, односно доенчиња и деца во предучилишна возраст, како и ученици од основно образование. Кај нив, најчести причини за посета на матична здравствена установа се горнореспираторни инфекции, фарингитис, ларингитис, бронхитис, па и пневмонија, фебрилност, гастроиинални инфекции, сипаници, осип на кожа и алергиски реакции. Моја најомилена популација се децата, и затоа со големо задоволство работам со нив. Секако, наша заедничка цел е тие да бидат здрави и да имаат убаво и безгрижно детство.

**Која е Вашата оценка за здравствениот систем, во Македонија?**

Здравствениот систем во Македонија реално покажува тренд на подобрување. Не можеме да зборуваме за совршен и идеален здравствен систем, а впрочем таков систем не постои никаде во светот. Според мене, најбитно е системот да биде одржлив на долг рок. Реформите кои се спроведуваат даваат резултати, и се надевам дека во иднина ќе има дополнителни промени кои ќе водат кон уште подобри резултати и поквалитетни услови за работа.

Матичните доктори се финансираат согласно бројот на пациентите — колку е поголем бројот, толку поголем е буџетот со кој располага матичната установа. Средствата кои ги добиваат матичните ординации не се за потценување, со добро управување, тие можат да бидат доволни за развој на установата, создавање задоволен и мотивиран персонал и, најважно, пациенти кои ќе бидат соодветно згрижени и лекувани.

**Каде се матичните доктори во приказните за зголемување на платите на вработените во државното здравство наспроти приватното здравство?**

Матичните доктори сме првата алка на синџрот, а за зголемување на платите линеарно како што се зголемуваат на специјалистите сме секогаш во исчекување, се трудиме и бориме за нашите права и се надеваме на позитивен исход. Сепак првиот преглед на пациентот, примарното лекување, упатувањата, преписот на терапија по препорака на специјалист и дополнителните упатувања по препорака на извештаите од специјалистите се наша секојдневна обврска.

**Последниве години медиумите објавуваат и текстови за напад врз доктори, дали Вие сметате дека и оваа хумана професија на некој начин е на удар, и ако е така зошто нам ни се случува тоа? Кој е виновен, да ли негативните стории во медиумите за нашите лекари, или е можеби нешто трето?**

-Генерално гледано, сметам дека луѓето сè помалку имаат почит кон авторитетите — учениците кон наставниците, студентите кон професорите, пациентите кон докторите. Веројатно агресијата, непочитта и демонстрирањето моќ стануваат „мода“, најмногу под влијание на содржините кои децата ги гледаат од најрана возраст на социјалните медиуми, телевизијата, па дури и во училиштето. Велат дека за да се уништи една нација, треба да се уништи образованието — за жал, на добар пат сме да го постигнеме тоа.

***Како што одминуваат годините, имам впечаток дека голем процент од пациентите самоиницијативно бараат да бидат упатени на секундарно, па понекогаш и на терциерно ниво на здравствена заштита, без притоа да бидат соодветно запознаени со сопствената здравствена состојба, со дијагностичките потреби, како и со третманот кој е потребен за таа состојба/болест.***

Потребно е сериозно да се работи и во кругот на семејството со децата. Јас, како родител на две мали деца, постојано разговарам со нив и јавно осудувам булинг, непочит и девијантно однесување. Исто така, и педагозите во училиштата треба да се ангажираат со оваа најранлива група. Сметам дека сржта на проблемот е токму таму. Докторите, исто така, треба да внимаваат како и на кој начин ги соопштуваат вестите. Не секогаш сме во право и не смееме да ги осудуваме пациентите — потребно е да се пристапува алтруистички, а не со ароганција и цинизам. Веројатно токму поради тоа доаѓа до вакви девијантни отстапувања кај одредени колеги.

## Разговор до Проф.д-р Јованка ДЕНКОВА

# Потребата да се стави на хартија она што „те притиска и пече“ беше насушна потреба за мене

Во овој број на Штипски глас во рубриката „Роднокрајни прикази од библиотеката“ гостува проф.д-р Јованка Денкова. Професорката е родена во Штип, во 1974 година. Во родното место ги завршила основното и средното училиште, а во 1997 година дипломирала на Филолошкиот факултет во Скопје. На истиот факултет, магистрира и докторира во 2008 г. Денкова денес работи како редовен професор на Филолошкиот факултет на катедрата за македонски јазик и книжевност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, каде што предава повеќе предмети.



**Професорке, кажете ни нешто за Вашето детство. Што сонувавте да бидете како дете?**

-Имав убаво и среќно детство, поминато во една бучна, весела и преполна куќа со драги луѓе. Тоа детство порано беше поинакво, исполнето со игри на улицата од утро до мрак, со многу немирлаци, игри, ситни кавги...Морам да бидам искрена и да кажам дека учителскиот/професорскиот позив тлееше во мене уште од детството. Работев и во основно и во средно образование, но цело време работев на свое усоршување, со магистерски и докторски студии, зашто знаев дека мора да го исполнам мојот сон, да станам универзитетски професор.

**Какви беа Вашите книжевни почетоци? Кога и како настана Вашата љубов кон пишувањето? Дали отсекогаш сте сакале да бидете писател?**

Ми требаше долго време да ставам на хартија нешто од она што го чувствував и што пулсираше во мене. Се разбира, како помали сите се обидуваме да пишуваме. Но, обврските и образованието ме преокупираа, па пишувањето ми дојде спонтано, по некои искушенија во животот, кога потребата да се стави на хартија она што „те притиска и пече“ беше насушна потреба за мене.

**Како би ја дефинирале денешната македонска книжевност?**

Современата македонска литература е дефинитивно во подем, што многу ме радува. Имаме многу издавачки куќи кои поддржуваат македонски автори, многу често и млади и анонимни, што е одлично, а тука е и Министерството за Култура и туризам кое поддржува литературна издавачка дејност. Никогаш немало толку автори кои активно творат и за деца и за возрасни, што е за пофалба, но истовремено, тоа не поставува пред одговорноста за квалитетно и креативно пишување.

*Современата македонска литература е дефинитивно во подем, што многу ме радува. Имаме многу издавачки куќи кои поддржуваат македонски автори, многу често и млади и анонимни, што е одлично, а тука е и Министерството за Култура и туризам кое поддржува литературна издавачка дејност.*

**Во Вашата работа како писател, дали сте имале можност за соработка со НУ-УБ „Гоце Делчев“ Штип, и што најмногу Ви оставило впечаток?**

Со НУ-УБ „Гоце Делчев“ Штип најмногу соработувам како надворешен соработник. Секогаш сум на располагање, зашто со неа ме врзуваат спомените од детството. Обично учествувам во жири комисии на литературни конкурси, промоции, организација на посета на автори и сл. Во библиотеката има добар тим за работа, кој секогаш е отворен и за нови идеи, што е особено важно.

**Што би имале да им кажете на помладата генерација писатели кои штотуку тргнуваат на тој пат?**

Што и да работите, работете со љубов, прво кон себе, зашто ако се сакате себеси, ги сакате и тие околу вас. Читајте, читајте, читајте... Не се угледувајте на никој, пронајдете го вашиот глас меѓу морето гласови и гласно и слободно изразете се...

**Тодор Цидров, библиотекар и Јована Рилак, виш библиотекар**

# Уживам во синергијата со публиката

**Марија Атанасова, во Уметничката галерија „Безистен“ ја промовираше својата најнова песна „Вљубена во лага“**



Марија Атанасова има 24 години. Таа е дипломиран правник и е на мастер студии на Правниот факултет на Меѓународниот Славјански универзитет. Марија месецов, во уметничката галерија „Безистен“, имаше промоција на својата најнова песна „Вљубена во лага“ за која текстот го напиша Весна Малинкова додека аранжманот и музиката се на Илија Ќосевски со кои Марија најмногу соработува..

- Безистенот го избрав затоа што има посебна уметничка и културна вредност, и сакав промоцијата на песната да се одржи во простор кој носи дух на уметност и традиција. Ми беше важно амбиентот да ја надополни емоцијата на самата песна, вели Марија и додава дека промоцијата поминала прекрасно, имало многу блиски луѓе, поддржувачи и љубители на музиката. –„Атмосферата беше топла и искрена, што за мене беше најважно. Навистина сум благодарна за целата поддршка и позитивната енергија што ја добив таа вечер“, коментира нашата соговорничка.

Вели дека музиката е дел од нејзиниот живот уште од 11 годишна возраст кога настапила на детски фестивал, а потоа и на концерти на ДМУЦ „Сегеј Михајлов“.

-Мислам дека се движам кој мојата посакувана цел. Знам дека можам подобро и се трудам тоа така и да биде. Иако победите на фестивали како Макфест или можеби Евровизија се убави, јас искрено живеам и уживам во самите настапи и во тоа како на моите настапи реагира публиката. Уживам во моментот, во енергијата што ја делам и ја примам. Мојата цел е да ги покажам моите емоции и мојата енергија на публиката. Наградите не ги гледам како нешто без кое не би можела, ниту како крајна цел – најважно ми е да создадам вистински музички момент, коментира Марија.

Од музиката не заработува. Вели дека повеќемина ја прашувале за тоа да ли и колку се заработува од музиката, а нејзиниот одговор секош бил и останува дека некои успеваат и имаат стабилни примања, но тоа кај неа не е случај.

-Во нашата држава странската музика многу повеќе се слуша отколку македонската. Тоа не е добор зашто ако сами дома не си ја промовираме нашата музика кој ќе ни ја промовира? Значи поборник сум на тоа нашата, македонска забавна музика да ја има многу повеќе отколку што тоа денес е случај, посочува Марија.

На нашето прашање да ли ние на мучичко поле заостануваме зад соседите од Балканот, а за светот и да не гово- риме, и да ли имаме квалитетни текстописци, аранжери, композитори Марија вели:

- Мислам дека премногу се следат трендовите, наместо квалитетот, но сепак, имаме многу талентирани композитори и текстописци. Единствено, песните не стануваат доволно популарни, бидејќи се фаворизира премногу едноставна музика, го појаснува Марија својот став.

**Атмосферата беше топла и искрена, што за мене беше најважно. Навистина сум благодарна за целата поддршка и позитивната енергија што ја добив таа вечер од прекрасната публика присутна на промоцијата на „Вљубена во лага“.**

Таа до сега има настапувано на новогодишни концерти со хорот и оркестарот на ДМУЦ „Сергеј Ми- хајлов“, на натпревар во Прага во средното музичко училиште, на детски фестивал, на наста- ни во организација на Меѓународниот Славјански Универзитет, на спортски настани, како и на Макфест во 2022, 2024 и 2025 година. За најуспешен настап го смета настапот на Макфест 2024 со песната „Ти си ми се“.

На нашата молба да даде коментар за музичката сцена во градот Марија рече дека нашата локална сцена има потенцијал, но укажа дека треба да има многу повеќе настани и можности за настапи.

-Сакам луѓето да знаат дека за мене музиката не е само професија, туку вистинска страст и начин на изразување. Секој мој настап, секоја песна, е дел од мојата приказна и моите емоции, и сакам да ги споделам со луѓето на најискрен начин. Исто така, многу ми е важно да продолжам да учам и да се развивам, затоа што секогаш има нешто ново што можам да научам и да го применам во мојата музика, рече на крајот од разговорор младата и талентирана Марија Атанасова.

# Ликовна изложба на Јордан Ѓорчев каква што одамна не сме имале во Штип


проф. д-р Јордан Ѓорчев

**Бројна публика го исполни нашиот „Безистен“ на отворањето на изложбата „Длабочини“ од тнр, „обичен народ“ преку јавни, културни и општествени работници до амбасадори...**

Уметничката галерија „Безистен“ десет дена беше дом во кој се промовираше сликарството на Јордан Ѓорчев. Точно 25 уметнички дела од голем формат на овој инспиративен уметник кој живее и твори во родното Свети Николе ни ја облагородија ноќта на свеченото отворање, а на и онака преубавата историска галерија и донесоа нова, додадена уметничка вредност. Покрај необично бројната за штипските културни (не)прилики публика, на отворањето на изложбата присуствуваа и амбасадорите на Кина и на Австрија.

Изложбата е под наслов **„Длабочини“.**

Јордан Ѓорчев, доктор по социјален менаџмент, доктор по економски науки, магистер по психологија, дипломиран правник, писател, карикатурист, сликар е претседател на УО на Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“.

Неговото уметничко кредо е содржано во реченицата „Гледај бавно, се е таму“. Тоа е повик за внимателно, свесно и продлабочено набљудување-кон воспиремање на делото како процес и искуство, а не како површен визуелен впечаток.

**Трајчев го спореди Ѓорчев со Полок**

Кирил Трајчев, филозоф и естетичар, говорејќи за уметноста на Ѓорчев, меѓу другото рече:

„Сликите на Ѓорчев дефинитивно стилски најмногу инклинираат кон традицијата на апстрактниот експресионизам во својот најполн сјај. Не би се дрзнал да зборувам за никакви влијанија имајки го предвид фактот дека сум бил сведок и на сите сегменти од процесот на настанувањето на ликовните дела на Јордан Ѓорчев. Дефинитивно, она кое за мене беше прв впечаток и за кое проговорив и со самиот автор е неверојатната сличност со дел од творештвото на истакнатиот американски сликар Џексон Полок“, рече во својата рецензија Кирил Трајчев и додаде:

„На ова место вредно е да се напомене сепак дека самиот процес на настанување на сликите и методологијата на создавањето на истите е прилично различна кај Јордан Ѓорчев во однос на методологијата кај Џексон Полок и по тоа Ѓорчев е посебен“.

***ПРОГНОЗА: Сметам дека сликите на Јордан Ѓорчев од овој циклус ќе го продолжат својот живот и во разни галерии и музеи ширум светот, кои треба да ги отворат вратите за овие исклучително моќни и естетски префинети ликовни креации“, рече рецензентот Трајчев***

На отворањето на изложбата беше речено дека сликите на Ѓорчев референраат на автор кој е во полна животна зрелост, во позиција кога генијот зборува како мудрец, упатува на некој кој од повластена позиција влегува во уметничка авантура, кај кого prudentia и virtus се во латентна симбиоза и уметничка храброст значи и креативна доблест.

„Тргнувајќи оттука сметам дека сликите на Јордан Ѓорчев од овој циклус ќе го продолжат својот живот и во разни галерии и музеи ширум светот, кои треба да ги отворат вратите за овие исклучително моќни и естетски префинети ликовни креации“, коментира Трајчев.





проф. д-р Никола Поповски, професор на МСУ

проф. д-р Ленче Петреска, професорка на МСУ и поранешна ректорка

проф. д-р Јордан Ѓорчев

проф. д-р Соња Ризоска Јовановска, професорка на МСУ и директорка на Институтот за култура и уметност при МСУ

Михаела Ѓорчева, заменик претседател на Управен одбор на МСУ,
Тања Прушник, претседателка на Друштвото на ликовни уметници на Австрија,
Н.Е. Мартин Памер, амбасадорот на Австрија,
Н.Е. амбасадорката на Народна Република Кина, г-ѓа Цјанг Шјиаојан,
проф. д-р Јордан Ѓорчев








# Конкурс за фестивалот „Јаков од Камена Рек

Меѓународниот фестивал „Јаков од Камена Река“ – Македонска Каменица распишува конкурс за избор на најубав кириличен испис со краснопис на македонски јазик, кој и оваа година традиционално го распишува Меѓународниот фестивал „Јаков од Камена Река“ од Македонска Каменица.

Поединостите во однос на конкурсот можете да ги видите погоре, а информациите говорат за тоа дека овој единствена фестивал од ваков вид во нашата држава кој е во чест на првиот македонски печатар Јаков од Камена река е основан пред четири години од невладината организација „Надеж-Норе“ од Македонска Каменица. Цел-промоција на јазик, кирилично писмо, идентитет, македонската историја, култура, наука, образование.

Признанијата се доделуваат на специјална манифестација која годинава ќе се одржи на 15 мај (петок) во 19 часот во рударскиот град Македонска Каменица.

Сите до кои допира оваа објава имаат можност да конкурираат.





# Пријателот е половина душа (Amicus animae dimidium)

**Пишува:**
**Ристо Божидар Аризанков**

Како времето поминува кругот на другарите е се помал, се стеснува од година во година. Ќе речете дека еднаш бевте големо друштво, но со секој нов стадиум во животот се се помалку и помалку. Како ученик или средношколец, се потпираш на пријателството во класот, другарството од твојот сокак. Во армијата стекнуваш, како што вели Балашевиќ, другари до гроб. Веќе на студии е друг кругот на пријатели и другари, а кога ќе се сплотиш со брачниот другар, другарството од сите предходни етапи полека избледува, кругот го создавате вие, ти и твојот брачен другар.

Да се греши е човечки, но човекот, велат, не се сопнува од своите грешки, туку од искрените пријатели кои овие грешки ќе ги искористат. **Лажниот пријател е најопасниот човек во нашата околина, тој е подмолен и поопасен зашто полесно пронаоѓа во што сме слаби и во борбата се служи со нашите слабости и со нашите грешки, а не со својата сила.**

Во суштина пријателството престанува кога ќе сфатиш дека пријател си бил само ти. Тајната на вистинското пријателство е во тоа да го цениме она по кое сме слични, а да го почитуваме она по кое се разликуваме.

Многу полесно е од непријател да направиш верен другар, ама не е можно од лажен пријател да направиш искрен пријател. Најдобри пријатели се оние во чие друштво може да се молчи, а сепак да се чуствувате добро како најсрдечно да се зборувало. Лесно е да стекнеш нови пријатели, но тешко е да имаш стари пријатели. По правило пријателството помеѓу две личности зависи од трпението на едната.

Едно од правилата е да склопуваш пријателства со рамните на себе. Некои велат дека човечката сенка често личи на лажниот пријател, исчезнува штом сонцето ќе зајде. Насамо пријателот карај го, а јавно фали го. Фактот дека имаме непријатели доволно зборува дека имаме и заслуги.

Добро е да се има другар, едноставен, ведар, весел, лековит. Да не научи што е важно, а што неважно во животот. Да не чукне со рака по рамото, и од тој удар да оздравиме. Но потребни ти се и другари и непријатели да те ранат во срцето, едниот да те клевети, а другиот да ти го јави тоа.

Цицерон рекол Amicita nisi inter bonos esse non potest, односно- Пријателството може да опстои само помеѓу добрите луѓе.

Amicum laedere, ne ioco quidem licet, или: Пријателот да го навредуваш ни во шега не е дозволено, односно - Грубата шега од другарот е исто како да те предал.

Се прераскажува една анегдота:

За време на една тешка битка во Првата светска војна, еден војник видел дека неговиот најдобар пријател паднал погоден во „ничијата земја“, под силен оган од непријателот.

Војникот побарал дозвола од својот претпоставен офицер да отиде и да го извлече својот пријател. Офицерот го одбил, велејќи:

„Нема смисла. Твојот пријател е веројатно веќе мртов, а ти само залудно ќе го изгубиш својот живот.“

***Лажниот пријател е најопасниот човек во нашата околина, тој е подмолен и поопасен зашто полесно пронаоѓа во што сме слаби и во борбата се служи со нашите слабости и со нашите грешки, а не со својата сила.***

Сепак, војникот не можел да издржи, ја прекршил наредбата и истрчал низ куршумите. По некое време, тој се вратил во ровот, смртно ранет, носејќи го телото на својот мртов пријател на грбот.

Офицерот, гледајќи дека војникот е на умирање, му рекол:

„Ти кажав дека не вреди. Твојот пријател е мртов, а и ти сега си смртно ранет.“

Со последната сила, војникот му одговорил:

„Вредеше, господине... Кога стигнав до него, тој беше сè уште жив и ми ги кажа последните зборови: ’Знаев дека ќе дојдеш’.“

Другарство, тоа е повеќе да сакаш отколку да бидеш сакан.



**Пишува:
М-р Трајче КАЦАРОВ,
писател**

# ТАРТАРЕН СЕВЕРНО МАКЕДОНЕЦОТ

Во Тараскон живееше, во третата куќа на влезот од градот, храбриот Тартарен...Куќата однадвор не изгледаше којзнае како. Никој не би поверувал дека се наоѓа пред живеалиштето на јунак. Но, кога ќе се влезе - сто му громови. Целата куќа имаше јуначки изглед, од подрумот дури до таванот, па дури и градината... Ниту една градина во Европа не е рамна на градината на Тартарен...Можете да замислете колку бев возбуден во денот кога проаѓав покрај таа чудесна градина...А колку, пак, кога влегов во работната соба на јунакот...Замислете една голема сала со ѕидови одозгора до долу прекриена со пушки и мечеви, со сето можно оружје од сите делови на светот...А над сето тоа блескаше вжарено сонце ...Во средината на собата имаше округла маса. На масата седеше човек со своите четериесет , четериесет и пет години, ситен , полничок, угоен, зацрвен со полна густа брада и со бистри очи. ...Тој човек беше Тартарен Тарасконец, бестрашниот, великиот, неспоредлив со никого Тартарен Тарасконец.“

Понатаму во романот раскажувачот говори за градот, односно повеќе за менталитетот на Тарасконците. „Трдеба да се знае таму се‘ живо е ловец.“ И покрај тоа што на пет миљи од градот не може да се најде ниту едно зајаче, ниту еден сколовранец, ниту една потполошка.

Дивите гуски во своите патнички карти го забележувале Тараскон со голем крст. Летајќи во долги триаголници, штом оддалеку ќе ги согледале градските камбанарии почнувале силно, најсилно да гракаат: „Еве го Тараскон“! Целото јато свртувало на друга страна.

Во Тарасконската околина останал само еден стар зајак. Поради тоа што никој не можел да го улови, го нарекле Брзи. Ловџиите кренале раце од него. За да им биде полесно измислиле дека зајакот е урочен, зашто кога бил гладен јадел и ластовички во сос .

Но, и покрај тоа што во околината немало жиивотни, ниту птици, тарасконците не се откажувале од својата страст - ловот. Ако е така што ловеле? Раскажувачот дава објаснување (парафразирам): излегуваат ловџиите в поле, на две три миљи од градот. Ќе се испружат во некоја ладовина. Откако добро ќе се поткрепат со варена говедина, кромид, колбаси, ќе се залијат со убави реонски вина, ги фрлаат капите во воз- дух и пукаат во нив. Тој што најповеќе ќе ја погоди својата капа го прогласуваат за крал на ловот. Навечер тримфално се враќаат од лов со пробушените капи на врвот од пушките. Како ловец на капи никој не му бил рамен на Тартарен Тарасконец.

Својата превласт Тартарен Тарасконец ја поткрепувал со приказни во кои се опишувала неговата сила и храброст. Тарасконците што ги слушале навечер во градската кафеана верувале во секој збор.

Тартанен бил нивна гордост, се‘ до времето кога во Тараскон дошла менажериа каде во еден од кафезите имало лав. Тартарен Тарасконец кога слушнал дека во градот има лав, се наоружал, а со него и другите ловџии на капи. И тргнале во лов на лавот.

Пред кафезот на лавот Тартарен се здрвил од страв, па додека сите избегале тој не можел да направи ниту чекор. Неговите обожаватели тоа го протолкувале како храбро стоење пред страшниот лав.

Тартарен ја искористил таквата заблуда, па, во кафеаната од вечер на вечер, постојано раскажувал за Атласките лавови, за нивниот карактер и за тоа дека е подготевен да оди во Алжир на лов на атлатски лавови.

Тоа за ловците на капи било голема радост. Чекале, чекале, ама Тартарен никако да тргне. Тогаш Тартарен Тарасконец сфатил дека покрај Дон Кихот во неговиот карактер е сместен и Санчо Панса кој постојано му ги предочувал животните услови на кои ќе наиде во пустината.

По долго натегање, за да ги избегне подбишегите што почнале тарасконците да ги прават на негова сметка, еден ден одлучил и тргнал. И така настанала комедијата.

П.С. Оние Северно Македонци кои ќе го прочитаат погоре напишаното и во Тартарен Тарасконец не ќе го препознаат Северно-Македончето на пат за Европа, а во ловците на капи менталитетот на македончето, далеку се од вистината за својата земја и за својот народ.

Прочитајте го барем уште еднаш!



# Што всушност е училишна оптимизација?

**Пишува:**
**Роберт Аџипетров**

Кога во Македонија се споменува „оптимизација" во образованието најчесто прва асоцијација е „затворање на училиште" што неминовно носи страв и несигурност. Впрочем овој страв потекнува од фактот дека училиштата од година во година се попразни и попразни. Суштината на оптимизацијата не треба да се бара во намалување на бројот на луѓе, туку во подобро организирање на наставниците како и ресурсите што веќе постојат. Во услови кога бројот на ученици во одредени средини се намалува, државата се поотворено најавува дека образовниот систем ќе мора да се приспособи на реалните потреби. Министерството за образование и наука веќе зборува за оптимизација на училишната мрежа, односно укинување на практиката да функционираат паралелки со само неколку ученици.

Во таа насока се и најавите дека почнувајќи од учебната 2026/2027 година нема да се дозволува формирање паралелки со број на ученици под законскиот минимум, односно дека ќе се стави крај на моделот во кој се одржуваат „вештачки" класови што го оптоваруваат системот, а не носат подобар квалитет. Пораката што доаѓа од Министерството е дека не е добро да постојат училишни објекти и паралелки со по неколку ученици, бидејќи тоа создава нерамнотежа во распределбата на кадарот и големи трошоци, без соодветен образовен ефект.

Впрочем „нерамнотежа во распределба на кадарот" е есенцијалниот елемент кој треба да ја направи суштинската разлика. Оптимизацијата не смее да се толкува како механизам за отпуштање, туку како механизам за подобра распределба. Добро осмислената оптимизација значи наставниците да останат дел од системот, но да бидат ангажирани таму каде што се најпотребни и каде што нивната работа ќе има најголем ефект. Министерката Весна Јаневска јавно посочи дека со оптимизација на училишната мрежа, едносменска настава и продолжен престој може да се задржат наставниците на работа. Дополнително, оптимизацијата е лек и за недостатокот на соодветен наставен кадар.

Тежина на проблемот дава и новата методологија за пресметка и распределба на средствата за основното и средното образование, чија примена започна од 2026 година. Новата формула главно се темели на бројот на ученици, односно на стандардизиран трошок по ученик, со дополнителни варијабилни компоненти. Тоа значи дека општините веќе нема да можат да сметаат на истата логика на финансирање ако одржуваат голем број паралелки со мал број ученици, затоа што парите сè повеќе ќе го следат ученикот, а не самото постоење на паралелката. Токму затоа, оптимизацијата денес не е политички избор, туку финансиска и организациска потреба. Во услови кога блок - дотациите главно се пресметуваат според бројот на ученици, општините и училиштата едноставно мораат да планираат порационално. Во спротивно, најголем дел од средствата и понатаму ќе се трошат на плати и режиски трошоци, а помалку ќе остануваат за квалитет на наставата, опрема, поддршка за учениците и развој на училиштата. Министерството токму со ова образложение ја претстави оптимизацијата, посочувајќи дека досегашниот модел не обезбедува доволна ефикасност во финансирањето.

***Оптимизација која не е доволна јасна и која се води без јасен план и без почит кон наставниот кадар, ќе создаде отпор и страв. Од друга страна доколку целиот процес е дефиниран како паметна реорганизација, со јасни критериуми и со цел да се зачуваат луѓето, а да се подобри системот, тогаш може да донесе вистинско подобрување. Јавноста знае дека на Македонија не и треба помалку образование, туку подобро организирано образование***

За крај, вистинското прашање не е дали ќе има оптимизација, туку како ќе се спроведе. Оптимизација која не е доволна јасна и која се води без јасен план и без почит кон наставниот кадар, ќе создаде отпор и страв. Од друга страна доколку целиот процес е дефиниран како паметна реорганизација, со јасни критериуми и со цел да се зачуваат луѓето, а да се подобри системот, тогаш може да донесе вистинско подобрување. Јавноста знае дека на Македонија не и треба помалку образование, туку подобро организирано образование. Во истата насока на Македонија не и треба помалку кадар, туку поправилно распределен кадар исто како што не и се потребни паралелки што постојат само формално, туку училишта што навистина ќе им овозможат на учениците поквалитетна настава и подобра иднина.

**(Авторот е директор на Педагошка служба, Министерство за образование и наука)**

# ЛЕКЦИЈАТА НА ШТИПСКИОТ ТЕАТАР

***(По повод претставата „Лекција“ од Е. Јонеско во режија на Ѓ.Ризески. Улогите ги толкуваат: Ефтим Трајчов-Ѓујарски, Димитрина Мицевска и Милорад Ангелов.***

Во своите автобиогравски белешки Јонеско истакнувајќи ги соматските проблеми кои оствааат последици на менталното здравје, се сомнева дека на светот му дал нешто што долго ќе трае. Смета дека со текот на времето интересот за неговите пиеси, за неговиот театар, ќе биде се’ помал. Загрижен е дека нема што да и’ остави во наследство на ќерката. Родоначалник на театарот на апсурдот, Јонеско, разбивајќи ја класичната драматуршка структура, не остава не конвенционалниот распоред на материјата да ја затемни идејата. Секогаш е пред сцената.

Театарот на апсурдот го ништи колективниот однос со неговата реалност. Ја става индивидуата во преден план. На основ својата перцептивна моќ и темперамент да дојде до она што треба да прикаже и сврзе.

* * *

Еден голем режисер на моето прашање зошто не го инсценира Бекет рече дека не го разбира. Сепак ја инсценира пиесата „Носорози“ на Јонеско.

Ниту една пиеса, па ниту апсурдните не завршуваат со точката на авторот. Режисерите не ја почитуваат точката на авторот, актерите исто така, на крајот публиката кон трите точки што им ги нудат заложниците на сценската реалност, реагира на свој начин. Драматичарите уште од памтивек не прават ништо друго освен што се обидуваат да се препознаат во времето. Среќни се тие што ќе се препознаат во бесконечноста.

* * *

Поради малиот број инсценации на Јонесковите пиеси и кај нас и во нашето соседство каде имав можност да го следам, стапка по стапка, одот на театарот, се повеќе ги доживувам како книжевни дела. Кога ги прочитав, сфатив дека Јонесковите глобални теми ги кинат веригите на секое време.

* * *

Во времето на Хитлерова Германија, под директива на идеолошкиот државен апарат многу книги и автори биле спалени, односно убиени. Кога на Хитлер му ја предочиле книгата „На латиците од камен“ на Е.Јирген, во која чуварот на шумата, одноно единствениот виновник за пожарот, бил прототип на Хитлер, фирерот го поштедил авторот од погубување.

Во секоја пиеса, па и во „Лекција“ кај Јонеско има лик кој е потпалувач, или лик кој со своите постапки ја изразува изгубената смисла на се’ она што е човеково - научната мисла и емпиријата. Професорот во „Лекција“ типизиран лик, како и ученичката и прислужничката Мари, кога не ќе може ученикот-светот, да го сведе на својата идеолошка ориентација, го убива, го ништи. Професорот бара да се препознава во своите ученици. Кога не ќе успее во тоа, вината не ја бара во себе во својата бизарна методологија, туку во ученикот.

Јан Кот после претставта „Ричард III“ во која ликовите биле стокмени во вијнички униформи од блиските световни војни, напиша дека Шекспир е наш современик. За цело време додека ја гледав „Лекција“ во продукција на Штипскиот театар, со мислите бев на улиците на Белград и Нови Сад. Го видов Јонеско во чекор со сегашноста.

* * *

Ѓ.Ризески во инсценацијата на „Лекција“ покажува умешно справување со подадениот материјал. Му дава точен ритам и динамика на дејствието. Изразните средства дури и во навидум пренагласените сценска ак- ција, не излегуваат од рамките на нужното.




Како при инсценација на класична пиеса, го потенцира патосот како чујна изјава-црните бранови нема да го напуштат морето -живот.

Што се однесува до актерската екипа го издвојуваме Ефтим Трајчов-Ѓаурски во улогата на професорот. Тој со својата енергија подадена низ говорните и физичките партитури ја открива бесмисленоста на човековото постоење низ примери од теоријата и прагмата. Со оваа улога Ефтим Трајчов ја покажува својата подготвеност, на основ своите актерски капацитети, во иднина да се справи со ликови од врвната светска драматургија.

Димитрина Мицевска како и секогаш блеска во својата сценска појава. Ја освојува сцената со секоја реч, со секоја сценска акција-физичка или душевна. Јасна во преносот на ликот, ја држи публиката на своја страна. Милорад Ангелов стандарден во своите роља и во оние кои малку време го оставаат на сцената. Кооперативен со носечките ликови на главното дејствие, разумно учествува во градењето на сценската веродстојност.

Кореографијата на Бојан Мицев се доживува како нужни сценски изрази во разјаснувањето на агонот.

Музиката дава сериозен прилог во развојот на дејствието и експлицитноста на приказната.

* * *

Претставата „Лекција“ со која Театарот од Штип гостуваше на сцената на Битеф театарот во Белград како и на Фестивалот „Performing Tangier“ во Танжер , Мароко, е чин кој долго ќе трае на сцената на театарот како нешто што претставува негово нужно обележје.

**Трајче Кацаров**

# Малата сцена во Домот на култура го носи името на културниот деец Благој Самоников



Од почетокот на месец март малата сцена (околу 120 седишта) во Домот на култура „Ацо Шопов“ го носи името на Благој Самоников, еден од најголемите работници во културата во Штип но и во Македонија, долгогодишен директор на најголемата установа од кулурата во градот, поет, автор на драми, раскажувач...Роден е 1943 во Штип, дипломирал на Филозовскиот факултет во Загреб, отсек компаративна книжевност, починат минатата година.

На специјалната приредба во чест на Самоников говореа Пеце Ристески, директор на НУЦК „Ацо Шопов“, писателот Трајче Кацаров и актерот Милорад Ангелов.

„Во градот што ги памети чекорите на тишината и зборовите што одѕвонуваат подолго од времето, Благој Самоников останува како глас што не згаснува. Роден на 7 март 1942 година во Штип, тој не беше само сведок на едно време — туку негов толкувач, негов



тивок хроничар, негова совест. Самоников пишуваше како да патува — низ градови што се врежуваат во душата, низ пустини од сомнеж и надежи што одбиваат да бидат припитомени. Неговите книги, од „Големиот град“ до „Подземно виножито“, не се само наслови — тие се состојби на духот, премини меѓу светлината и сенката, меѓу она што сме и она што се осмелуваме да бидеме“, рече Ангелов во својата беседа во чест на Благој Самоников и посочи дека во неговите дела „Патување за Итака“, секој читател го пронаоѓа својот пат, а во „Неприпитомена надеж“, книги поезија на Самоников, својот отпор кон тишината.

„Како културен работник, неговото присуство во Домот на културата не беше административна должност, туку мисија. Да се создава простор за уметност, да се именува со достоинство — како што денес го носи името на Ацо Шопов благодарение токму на Самоников — и да се остави траг што ќе ги води идните генерации“, посочи Милорад Ангелов.

Штип, под неговото влијание, не беше само град — туку сцена на духот.

Како културен работник, неговата улога не беше само професија — беше повик.Во Домот на културата, тој не создаваше само настани, туку создаваше простор за духот. Простор каде што уметноста дише, а човекот се препознава себеси.

-Самоников е добитник на признанијата „Ацо Шопов“ и „Живко Чинго“, Самоников припаѓа на онаа ретка поетска елита што не се докажува со награди, туку со тишината што ја остава зад себе — тишина што зборува.

И кога во февруари 2025 година замина на своето последно патување, тој не замолкна. Напротив — неговиот глас стана потивок, но подлабок. Постхумната книга „Крикот на занемениот молк“ е токму тоа:




***Како културен работник, присуството на Благој Самоников во Домот на културата не беше административна должност, туку мисија. Да се создава простор за уметност, да се именува со достоинство — како што денес го носи името на Ацо Шопов благодарение токму на Самоников.***

сведоштво дека вистинската поезија не умира, туку продолжува да одекнува таму каде што зборовите се претвораат во вечност.

Денес, малата сцена во Домот на културата во Штип гордо го носи неговото име — како нем сведок на уметник кој остави длабоки траги. Но вистинската сцена на Самоников отсекогаш била човечката душа — и таму, неговата поезија сè уште се игра, без аплауз, но со бескрајно траење. Благој Самоников нè научи дека вистинската уметност не бара аплауз. Таа бара тишина. И токму во таа тишина, неговиот глас ќе продолжи да живее.

# Финансиска стабилност и влез во елитното фудбалско семејство на Македонија

**За моменталната состојба и за иднината на ФК „Брегалница“ разговараме со Ангел Бојаџиев, претседател на Управниот одбор**

Фудбалскиот клуб „Брегалница“ е во одлична позиција да се избори за првото место во Втората фудбалска лига и со тоа да стане дел од елитното фудбалско семејство на Македонија што е сон на големиот број љубители на најважната споредна работа во светот.

При крајот на месец март клубот го доби новиот претседател на Управниот одбор. Најважната функција му е доверена на Ангел Бојаџиев (52 години), специјалист за безбедност и здравје при работа, и со диплома стекната на факултет за биотехнички науки-дипломиран инженер по фабричко производство. Штипјани го знаат и како поранешен директор на ЈП „Исар“. Бојаџиев работи како менаџер за развој на во најголемата компанија за енергетика (фотоволтаици) во Југоисточна европа, а тоа е компанијата „Солар Про Пауер“. Функцијата претседател на УО Бојаџиев ја извршува бесплатно, а ние со него разговараме за актуелните состојби во и околу клубот и за иднината на ФК Брегалница.

Бојаџиев го презеде водењето на клубот на 23 март, годинава, пред дербито со Охрид кој беше на чело на табелата, а овој натпревар за Бојаџиев помина во стилот „Прво па машко“ зашто Брегалница го доби дербито со 1:0.

**Водење сметка за начењето на името**

-Ви благодарам за можноста која ми ја дадовте за преку Штипски Глас да ги информираме граѓаните на Штип, а посебно љубителите на фудбалот, за тоа што е одговорноста на првиот човек на Управниот одбор на клубот, кои работи ни се приоритетни за решавања, каков ќе биде нашиот однос, нашата одговорност и нашата посветеност кон големиот бренд наречен „ФК Брегалница“ и која е мојата, а и одговорноста на другите во управата на клубот кон иднината на фудбалот во Штип преку резултатите на ФК „Бре-




*Ангел Бојаџиев*

галница". Во сите овие нешта јас како претседател на УО, што значи како најодговорно лице, се водам од фактот дека ФК „Брегалница" е значаен фудбалски колектив за македонскиот фудбал вооопшто, а Штип е еден од трите големи фудбалски центри во нашата држава. Токму поради ова сите ние кои на некој начин сме во клубот, мора да водиме сметка за неговата сегашност и иднината. На тоа не обврзува големото има на нашата ФК „Брегалница", не врзува и навивачката група „Фаланга" која секогаш и со срце е со клубот, не обврзува нашата бројна публика, вели Бојаџиев.

Нашиот соговорник укажува дека подобрувањето на условите во самиот клуб, подобрување на фудбалската инфраструктура, строгата контрола на буџетот, односно на финансиските средства кои на некаков начин легнуваат на сметката на ФК Брегалница се примарни за работата на Управниот одбор во овој момент.



***ФК Брегалница***

**Прва лига - примарна цел**

-Наша примарна цел е влезот во Првата македонска фудбалска лига. Мислам дека Штип, ФК „Брегалница", Фалангата, сите љубители на фудбалот заслужуваат градот да има прволигаш. На добар пат сме со 26-те фудбалери кои ги имаме под договор, со Влатко Костов како шеф на стручниот штаб, со поддршката која ја дава локалната самоуправа, со енергијата која на секој натпревар ја емитира Фалангата, да ја оствариме таа цел. Но, ако тоа од некоја причина не се случи, тогаш ние ќе го активираме вториот план, а тоа е квалитетни подготовки за новата натпреварувачка сезона во Втората фудбалска лига, преструктуирање на редовите, обезбедување подобри услови на сите нивоа за освојување на позиција која ќе значи влез во елитното фудбалско семејство на Македонија. Сакам да потенцирам дека предност ќе дадеме на штипски деца за тие да бидат носители на успехот, коментира Ангел Бојаџиев и додава дека тоа е сепак работа на стручните луѓе во клубот.

**Потрага по доминантен акционер**

Една од приоритетните работи е и потрагата по траен акционер (единствен или најмалку доминантен) зашто фудбалот не е ефтин спорт и целиот финансиски товар не треба и не смее да падне на буџетот на општината, смета Бојаџиев. А познато е дека за натпреварување во Првата фудбалска лига потребни се најмалку еден милион евра.

-Во овие неколку денови, од како сум на чело на Управниот одбор, имав неколку средби со бизнисмени од нашата држава и од странство со кои разговаравме за евентуален нивен влез во ФК „Брегалница". Главна тема на тие разговори е примарната наша цел приватна компанија, успешен бизнисмен без оглед дали е од нашата држава или од странство, да стане стопроцентен сопственик во клубот. Ако дојдеме до дговор на тоа ниво би било прекрасно, ако не останува отворена и опцијата во клубот да влезе личност / компанија која ќе има доминантен акционерски влог, укажува Бојаџиев.

**Нешто што не зборува добро за нашата култура**

Во првите денови од мандатот Бојаџиев организира целосно чистење на ѓубрето насобрано во сите делови од стадионот. Собрани се шест трактори полни отпадоци што говори дека публиката не ја има совладано лекцијата за културен однос кон општото добро кое им припаѓа на сите. Не смее после секоја утакмица да видиме купишта отпадоци на трибините, таа слика не зборува добро за нас.

-Дојдоа доброволци, повикав мои пријатели, луѓе од клубот, навивачи и сите заедно ја спроведовме оваа акција. Непријатно бев изненаден од тоа во каква состојба беа столчињата на новата, западна трибина кои беа извалкани како на нив да не е интервенирано од како се поставени таму, ги исчистивме, а тоа во иднина ќе го правиме редовно, ги обеливме ѕидовите, со помош на Фалангата зад голот ги поставивме написте „Брегалница – Фаланга", во иднина стадионот, неговите капацитет ќе ги одржуваме во добра општа и посебно хигиенска состојба за публиката да не смее да седи на нечисти столчиња, а стадионот да ни личи на простор за отпад, порачува нашиот соговорник Ангел Бојаџиев.

# ТР-МР




**Размислува: Iv. BOJ**

**Добриот родител умно заклучи:
Кај нас од чесна работа не може
да се живеее.
Па одлучи детето да го прави – политичар.**

**Синот прашува:
-Тате, ќе дадеш ли некој денар вечерва
излегувам со девјката.
А таткото му возвраќа:
-Синко мој некои прашања не заслужуваат
одговори!**

**Странска компанија во нашата
индустриска зона ќе градела
фабрика за ножици.
Нивната анализа им покажала
дека во Македонија имало
премногу овци за стрижење.**

**Нашиот град ќе стане
финансиски самоодржлив
кога првиот Влав во него
ќе плати за паркирање.**

**Двајца крадци влегле во
општинската библиотека
и украле дузина книги.
Полицијата експресно ги фатила
и ги сместила во – лудница!**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 8 | | | | | | 7 | |
| 3 | | 2 | | | | 8 | | 1 |
| 9 | | | | | 8 | | | 2 |
| 4 | | | 8 | | 7 | | | 6 |
| | 9 | | | | | | 8 | 4 |
| 8 | | 6 | | 4 | | 1 | | |
| | | | 6 | 5 | 9 | | | 8 |
| | 3 | 9 | 1 | 8 | 4 | | 2 | |
| | | 8 | 7 | 2 | 3 | 4 | | |




**ИМПРЕСУМ**

Издавач: Медиум Боја 43 – Штип
Седиште на фирмата и адреса на редакцијата:
Ул. „Тошо Арсов“ бр. 23 – 2000 Штип

Одговорно лице: Иван Бојаџиски

Излегува еднаш месечно
Првиот број излезе во месец април,
2009 година
Главен и одговорен уредник:
Иван Бојаџиски 078/375582

Графички уредник:
Јорданчо Бојаџиски, 078/473094

Овој број е отпечатен на 30.03.2026 година
Тираж: 1.000 примероци

Ж-ка: 290000002136767
Едб:4029019522191
Т.Т.К. банка А.Д. Скопје
Годишна претплата: 180 денари.

Печати: Европа 92-Кочани,
ул. „Крижевска“ бр. 52

За Штипски глас
се плаќа повластена даночна стапка од 5%

ISSN 2545-4498
Непотпишаните текстови се на Иван Бојаџиски

совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите .



| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Ш.Г. | ***Пејач на фотосот*** | Италиј. писател | Рај во индиска. митологија | Извик | Војска сместена во еден град | Замисли | Шеф на женски чорап |
| | | | | | | Италиј. кошарк. тренер Дино | | | | | | | |
| | | | | | | Хомеров еп | | | | | | | |
| | | | | | | Господин (грч) | | | | Еден од кентаури / Конак | | | |
| | | | | | | Фудбал. тренер Трапатони | | | | | | | Наш екс пливач маратонец |
| | | | | | | Итал. фудбалер Алберигo | | | | | | Келвин / Писател Франц | |
| | | | | | | Кинеска мерка за тежина (0,6 кг) | | | | Град во Албанија / Амер. Артистка | | | |
| | | | | | | Прамерка (мн.) | | | | | | | |
| Ш.Г. | Вид силен Отров | Амер. пејачка | Наш револуц. Мирче | Метар | Алумини -ум | Грчка буква / Белград. фк клуб | | | Старо име на Виетнам / Пејачката Веко | | | | |
| Испечена површина на месо,леб (корка) и сл | | | | | | | Лут корен / Изучувач на роман. јазици и култура | | | | Тетово / Лага | | |
| Швајц. математ. Валтер | | | | Српски пејач / Ам. артис Ричард | | | | | | | | | |
| Зимски врнеж | | | | | Креатор Версаче / Предлог | | | | | | | | |
| Космо-наут Олдрин | | | | | | Една нота / Вест, новитет | | | Авенија (скр.) / Појас, ремен (мн) | | | Волт / Зиркач пазач | |
| Никел | | | Пвреда / Наредба на куче | | | | | Вид матем. линија (мн) / Кошарк. Думарс | | | | | |
| Црна шумска креда | | | | Амер. артистка / Рт во Италија | | | | | | | | | |
| Стог, пласт | | | | | Пејачка Томовска / Белгис. фуд. тренер Ги | | | | | | | | Пијанист Бертон-цело |
| Ш.Г. | Еден од мускетари / Џереми Ајронс | | | | | | | Мелодија напев / Данска мера за количина | | | | | |
| Град во ЈАР | | | | | | | | | | Мрежа (герм.) / Согласка | | | |
| Актер | | | | | | | Вид занает-чија | | | | | | |

GREEN GARDEN
RESIDENTIAL COMPLEX

СОВРЕМЕН И КВАЛИТЕТЕН НАЧИН НА ДОМУВАЊЕ

*по најповолни цени...*



НОВ СТАНБЕН КОМПЛЕКС ВО ШТИП

070 22 22 07
070 24 24 22

www.aktivagreengarden.mk
info@aktivagreengarden.mk

- ВИСОКО КВАЛИТЕТНА ГРАДБА
- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ А КЛАСА
- СОПСТВЕНО ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ
- ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА СЕКОЈ СТАН
- ОБЕЗБЕДЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ЦЕНТРАЛЕН ПАРК СО ВОДЕНИ ПОВРШИНИ

AKTIVA